Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 86-та седница одржана на ден 05.05.2023 година ја донесе следнава

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-3469/1 од 20.09.2021 година, со наводи за непостапување по кривична пријава од страна на јавен обвинител, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во случајот од причина што предметните наводи во случајот не се потврдени.

Предметот со број 12-3469/1 од 20.09.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 20.09.2021 година, поднесена е пријава со наводи за непостапување по кривична пријава од страна на јавен обвинител и оформен е предмет број 12-3469/1 од 20.09.2021 година.

Во пријавата подносителот укажува на сомневање за одолговлекување на постапување по кривична пријава, за која се наведува дека после 11 години предметот нема завршница, а континуирано се доставувани нови докази. Согласно наводите од пријавата, станува збор за кривична пријава XL.PO.бр.--------- поднесена до Основното јавно обвинителство Скопје против лицето ---------- за сторени кривични дела измама, затајување на данок и перење пари.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање на информации до Основното јавно обвинителство Скопје и Вишо јавно обвинителство Скопје.

Од страна на ОЈО Скопје добиено е известување дека постапувајќи по кривичната пријава поднесено е барање за собирање на потребни известувања до СВР Скопје, по кое е постапено и е доставен посебен извештај од 11.02.2014 година. Дополнително од страна на јавниот обвинител на записник биле испитани оштетени, сведок и осомничениот. Од страна на осомничениот била доставена писмена документација, а исто така и од оштетениот во повеќе наврати со повеќе поднесоци е доставена дополнителна документација и дополнување на

кривичната пријава. Исто така, се наведува дека биле побарани и податоци од Централниот регистар на РСМ, а ДКСК се известува дека од страна на ОЈО сè уште се преземаат потребни дејствија и по прибирање на сите потребни известувања и докази ќе биде донесена јавнообвинителска одлука.

Од страна на Вишото јавно обвинителство Скопје е доставен одговор во кој покрај за горенаведените преземени дејствија известува дека на ден 04.04.2022 година оштетениот поднел кривична пријава против осомничениот за сторено кривично дело Лажен стечај од чл. 254 ст. 1 од КЗ, по што бил оформен предметот КО.бр.--------и распореден кај јавен обвинител. Имајќи предвид дека кривичните пријави биле поднесени од ист подносител за ист пријавен со преземени дејствија за ист кривично правен настан, се донело одлука првиот предмет да се презаведе во Уписникот ----------, а кон него да се припои предметот ----------. По спојување и проучување на предметот на ден 12.10.2022 година до осомничениот била испратена покана за испитување во својство на осомничен. Поради наведеното, Вишото јавно обвинителство Скопје известува дека од извршениот увид во списите на предметите утврдило дека во конкретниот случај се постапува согласно законските прописи, во континуитет се преземаат дејствија за кои предметниот јавен обвинител смета дека се потребни за правилно и законито одлучување по поднесените кривични пријави, односно до донесување на мериторна јавнообвинителска одлука.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека предметните наводи во случајот не се потврдени, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска